РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

ПОПИС 2011
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ, 2011

1 - 15 ОКТОМВРИ

# БИЛТЕН

04. 10. 2011

1

# ПОПИШИ СЕ!

ТОА Е ЗА ИДНИНАТА - ТВОЈАТА И НАШАТА

## ПОПИСОТ ЗА НАС И ЗА НАШАТА ИДНИНА ЗАПОЧНА!

Во Република Македонија започна најмасовната статистичка акција - Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011 година.

Сите учесници во Пописот, попишувачите, реонските инструктори, државните инструктори и членовите на комисиите за пописните реони се на терен и ги посетуваат домаќинствата со цел да приберат податоци кои ќе претставуваат основа за креирање на нашата заедничка иднина.

Затоа, отворете им ги вратите на попишувачите и одговорете им на прашањата што ќе ви ги поставаат бидејќи на тој начин и вие придонесувате за успешноста на Пописот и за добивање на квалитетни и меѓународно споредливи податоци.

**Попиши се! Тоа е за иднината - твојата и нашата**

## Прес-конференција на Државниот завод за статистика по повод започнувањето на Пописот, 2011




По повод почетокот на Пописот 2011, директорот на Државниот завод за статистика, м-р Благица Новковска, на 01.10.2011 одржа прес-конференција на која извести за  отпочнувањето на пописните активности на територијата на целата држава. Пописот започна според утврдениот план и во 8 часот пописувачите излегоа на терен.
Госпоѓа Новковска извести дека се формирани мултиетнички пописни тимови кои во двојки ќе го попишуваат населението во државата. Таа истакна дека само со почитување на Законот и Методологијата за Пописот може да се очекува квалитетно и веродостојно спроведување на Пописот.
На прес-конференцијата присуствуваше и директорот на Директоратот за соработка, комуникација и главни индикатори на Евростат, г. Питер Евераерс, кој оцени дека Државниот завод за статистика е целосно подготвен за квалитетно и веродостојно прибирање на податоци од населението.
- Повеќе од сигурно е дека Македонија ќе спроведе успешен Попис и затоа Евростат спроведува само полесно мониторирање на активностите бидејќи сме сигурни во квалитетот на Државниот завод за статистика - изјави г. Питер Евераерс.



## Пописот на терен...

Попишувањето на терен започна во сите пописни реони (44).

Според првите информации од теренот, попишувачките двојки наидуваат на добар прием кај населението, а пописните активности од ден во ден се интензивираат.

Во првите три дена од Пописот (1 - 3 октомври) вкупно се попишани (претходни податоци) :

- лица 92 217
- домаќинства 28 082
- станови 30 915

Податоците се однесуваат на 42 пописни реони, а од 2 пописни реона се очекува доставување на податоци за попишаните единици на Попис во текот на денешниот ден.

Голем број граѓани на Скопје пројавија интерес да се попишат уште првиот ден, и не чекајќи ги попишувачите да дојдат во нивниот дом, се јавија во Државниот завод за статистика за да ја завршат оваа своја граѓанска должност. Така, во просториите на Заводот досега се попишаа 58 граѓани. Екипа од 20 државни инструктори им стои на располагање на оние граѓани кои, од кои било причини не можат да ги дочекаат попишувачите дома, да дојдат и да се попишат во просториите на Државниот завод за статистика.



Пописните активности ги следи и меѓународниот мониторинг претставуван од г.Жан Мишел Дур, виш експерт за пописи на населението. Господинот Дур, заедно со претставници од Бирото за Попис, ги посети комисиите на пописните реони Кисела Вода, Ѓорче Петров-Сарај, Кочани, Штип, а денес престојуваше во Тетово.

Меѓународниот мониторинг се интересира за работата на комисиите, реонските инструктори и попишувачи и заедно посетуваат домаќинства каде што го следи начинот на попишување од страна на попишувачите, но истовремено и приемот од страна на населението.

Бесплатни телефонски линии
за информации во врска со Пописот 2011

**0800 50050**
**0800 60060**

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
Даме Груев 4, Скопје

## ПОПИСНИ РЕОНИ



**Во очекување на резултатите од Пописот, 2011, ве потсетуваме на податоците од Попсот 2002, по пописни реони[1)]**

| Пописен реон | Општина | Вкупно население | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. БЕРОВО | Берово<br>Пехчево | 19 458 | 18 072 | - | 448 | 849 | 8 | 32 | : | 46 |
| 2. ДЕЛЧЕВО | Делчево<br>Македонска Каменица | 25 615 | 24 692 | 7 | 122 | 665 | : | 59 | 8 | 58 |
| 3. ВИНИЦА | Виница | 19 938 | 18 261 | - | 272 | 1 230 | 121 | 32 | - | 22 |
| 4. КРИВА ПАЛАНКА | Крива Паланка<br>Ранковце | 24 964 | 24 056 | - | : | 725 | : | 121 | : | 55 |
| 5. КРАТОВО | Кратово | 10 441 | 10 231 | - | 8 | 151 | : | 33 | - | 17 |
| 6. ПРОБИШТИП | Пробиштип | 16 193 | 15 977 | - | 6 | 37 | 37 | 89 | - | 46 |
| 7. СВЕТИ НИКОЛЕ | Свети Николе<br>Лозово | 21 355 | 20 476 | 35 | 238 | 72 | 360 | 98 | 35 | 41 |
| 8. РАДОВИШ | Радовиш<br>Конче | 31 780 | 26 761 | 8 | 4 582 | 271 | 26 | 74 | : | 57 |
| 9. НЕГОТИНО | Неготино<br>Демир Капија | 23 757 | 21 765 | 53 | 587 | 469 | 14 | 759 | : | 108 |
| 10. ГЕВГЕЛИЈА | Гевгелија<br>Богданци<br>Дојран | 35 121 | 32 992 | 27 | 487 | 73 | 222 | 1 169 | 7 | 144 |
| 11. ВАЛАНДОВО | Валандово | 11 890 | 9 830 | - | 1 333 | 32 | : | 639 | : | 54 |
| 12. КОЧАНИ | Кочани<br>Чешиново-Облешево<br>Зрновци | 48 846 | 46 174 | : | 315 | 1 951 | 237 | 73 | : | 93 |
| 13. СТРУМИЦА | Струмица<br>Василево | 66 798 | 60 216 | : | 5 849 | 152 | : | 189 | 7 | 378 |
| 14. НОВО СЕЛО | Ново Село<br>Босилово | 25 827 | 25 158 | - | 495 | 27 | - | 33 | : | 112 |
| 15. ШТИП | Штип<br>Карбинци | 51 808 | 44 870 | 12 | 2 000 | 2 197 | 2 128 | 309 | 11 | 281 |

**Во очекување на резултатите од Пописот, 2011, ве потсетуваме на податоците од Попис от 2002, по пописни реони[1)]**

| Пописен реон | Општина | Вкупно население | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. КАВАДАРЦИ | Кавадарци<br>Росоман | 42 882 | 41 193 | : | 167 | 685 | 27 | 627 | : | 177 |
| 17. ВЕЛЕС | Велес<br>Градско<br>Чашка | 66 541 | 54 086 | 5 127 | 2 186 | 927 | 344 | 618 | 2 938 | 315 |
| 18. ПРИЛЕП | Прилеп<br>Долнени<br>Кривогаштани | 96 486 | 81 875 | 3 638 | 3 514 | 4 454 | 17 | 194 | 2 466 | 328 |
| 19. БИТОЛА | Битола<br>Могила<br>Новаци | 105 644 | 94 538 | 4 219 | 1 866 | 2 619 | 1 271 | 550 | 21 | 560 |
| 20. РЕСЕН | Ресен | 16 825 | 12 798 | 1 536 | 1 797 | 184 | 26 | 74 | : | 409 |
| 21. ОХРИД | Охрид<br>Дебарца | 61 256 | 52 668 | 3 115 | 2 270 | 69 | 324 | 374 | 29 | 2 407 |
| 22. СТРУГА | Струга<br>Вевчани | 65 809 | 22 755 | 36 032 | 3 628 | 116 | 657 | 109 | 103 | 2 409 |
| 23. ДЕБАР | Дебар<br>Центар-Жупа | 26 061 | 4 725 | 11 802 | 7 950 | 1 080 | : | 22 | : | 517 |
| 24. ДЕМИР ХИСАР | Демир Хисар | 9 497 | 9 179 | 232 | 35 | 11 | 7 | 13 | : | 18 |
| 25. КРУШЕВО | Крушево | 9 684 | 6 081 | 2 064 | 315 | - | 1 020 | 38 | 137 | 29 |
| 26. МАКЕДОНСКИ БРОД | Македонски Брод | 7 141 | 6 927 | - | 181 | : | - | 22 | : | 7 |
| 27. КИЧЕВО | Кичево<br>Другово<br>Осломеј<br>Зајас<br>Вранештица | 56 734 | 20 278 | 30 927 | 2 998 | 1 631 | 76 | 102 | 8 | 714 |
| 28. ГОСТИВАР | Гостивар<br>Врапчиште<br>Маврово и Ростуша | 115 059 | 21 267 | 76 622 | 13 805 | 2 247 | 15 | 170 | 78 | 855 |

**Во очекување на резултатите од Пописот, 2011, ве потсетуваме на податоците од Попистот 2002, по пописни реони**[1)]

| Пописен реон | Општина | Вкупно население | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **29. ТЕТОВО** | Тетово<br>Боговиње | 115 577 | 20 090 | 88 500 | 3 065 | 2 362 | 15 | 605 | 165 | 775 |
| **30. ТЕАРЦЕ** | Теарце<br>Јегуновце | 33 244 | 8 702 | 23 592 | 520 | 108 | - | 123 | : | 197 |
| **31. ЖЕЛИНО** | Желино<br>Брвеница | 40 245 | 6 020 | 33 965 | : | - | - | 79 | : | 171 |
| **32. АЕРОДРОМ** | Аеродром | 72 009 | 64 391 | 1 014 | 430 | 580 | 501 | 3 085 | 538 | 1 470 |
| **33. БУТЕЛ** | Бутел<br>Чучер-Сандево | 44 647 | 26 525 | 11 050 | 1 304 | 584 | 136 | 3 459 | 971 | 618 |
| **34. КИСЕЛА ВОДА** | Кисела Вода<br>Сопиште | 62 892 | 55 882 | 2 192 | 703 | 716 | 651 | 1 458 | 425 | 865 |
| **35. ЧАИР** | Чаир | 64 773 | 15 628 | 36 921 | 4 500 | 3 083 | 78 | 621 | 2 950 | 992 |
| **36. ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** | Ѓорче Петров<br>Сарај | 77 042 | 36 832 | 34 005 | 413 | 1 522 | 109 | 1 748 | 1 609 | 804 |
| **37. КАРПОШ** | Карпош | 59 666 | 52 810 | 1 952 | 334 | 615 | 407 | 2 184 | 98 | 1 266 |
| **38. ЦЕНТАР** | Центар | 45 412 | 38 778 | 1 465 | 492 | 974 | 459 | 2 037 | 108 | 1 099 |
| **39. СТУДЕНИЧАНИ** | Студеничани<br>Зелениково | 21 323 | 2 831 | 12 999 | 3 286 | 165 | : | 59 | 1 853 | 129 |
| **40. ШУТО ОРИЗАРИ** | Шуто Оризари | 22 017 | 1 438 | 6 675 | 56 | 13 342 | - | 67 | 177 | 262 |
| **41. ГАЗИ БАБА** | Гази Баба | 72 617 | 53 497 | 12 502 | 606 | 2 082 | 236 | 2 097 | 710 | 887 |
| **42. ИЛИНДЕН** | Илинден<br>Петровец<br>Арачиново | 35 746 | 18 801 | 13 118 | 92 | 562 | : | 1 337 | 1 507 | 327 |
| **43. КУМАНОВО** | Куманово<br>Старо Нагоричане | 110 324 | 67 652 | 27 291 | 292 | 4 257 | 147 | 9 988 | 20 | 677 |
| **44. ЛИПКОВО** | Липково | 27 058 | 169 | 26 360 | - | - | : | 370 | 6 | 152 |

[1)] *":" - Заштитен (индивидуален) податок*

